Рев2.бр342/2014

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Зирап Лимани - претседател на совет, Дане Илиев, Емилија Илиевска, д-р Марика Матевска и Снежана Ѓорѓиеска Зекирија - членови на советот, во правната работа на тужителот Блажо Иванов од Валандово против тужениот Република Македонија - Министерство за правда Скопје, за надомест на штета, вредност на спорот 5.031.816,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужениот изјавена преку Државен правобранител за подрачје Скопје против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.5575/13 од 06.02.2014 година, на седница одржана на ден 17.02.2015 година донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужениот СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Се задолжува тужениот да му надомести на тужителот трошоци за одговор на ревизија во износ од 8.284,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда П4.бр.229/13 од 13.09.2013 година, делумно го усвоил тужбеното барање на тужителот, па го задолжил тужениот да му исплати на име надомест на нематеријална штета за повреда на личните права поради неоправдана осуда и неосновано лишување од слобода вкупен износ од 1.650.000,00 денари, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8 процентни поени од пресудување 13.09.20013 година до исплата и на име материјална штета за платени кривични трошоци и паушал, износ од 31.816,00 денари со законска затезна камата согласно ЗВСЗК од 01.08.2007 година до 31.01.2010 година, а од 01.02.2010 година до исплата, законска казнена камата во висина на референтна стапка на НБ на РМ. Го одбил како неосновано поголемото барање на тужителот за надомест на нематеријална штета за разликата од предјавениот износ од 5.000.000,00 денари до досудениот. Делумно го усвоил барањето на тужителот за трошоци и го задолжил тужениот да му надомести трошоци во износ од 29.509,00 денари, а поголемото барање за трошоци за разликата од предјавениот износ од 79.316,00 денари до досудениот, го одбил како неосновано.

Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ.бр.5575/13 од 06.02.2014 година, жалбите на тужителот и на тужениот ги одбил како неосновани и ја потврдил првостепената пресуда.

Против второстепената пресуда ревизија изјави тужениот, поради суштествени повреди на одредбите од парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, пресудите да се укинат и предметот да се врати на повторно судење на првостепениот суд или да се преиначат и тужбеното барање да се одбие.

Тужителот во одговор на ревизија изјавен преку полномошник Стеван Павлески адвокат од Скопје предложи ревизијата да се одбие како неоснована и тужениот да се задолжи со трошоци за одговор на ревизија.

Врховниот суд на Република Македонија, по проучување на списите во предметот, наводите во ревизијата и во одговорот на ревизија, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 377 став 3 од Законот за парнична постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е наводот во ревизијата за сторена суштествена повреда од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парнична постапка, од причини што по оценка на овој суд побиваните пресуди се јасни и разбирливи, со доволно образложени причини за решителните факти, па истите можат во целост да бидат испитани.

Неосновани се ревизиските наводи за погрешна примена на материјалното право, со оглед на утврденото во фактичка состојба.

Имено, судовите утврдиле дека тужителот бил вработен во МВР како командир на ПС граничен премин Богородица, кој професионално ги извршувал работните задачи по задолжение на МВР и од средината во која работел бил ценет како вреден и чесен проифесионалец кој беспрекорно ја извршувал својата должност. На 13 јануари 2006 година тужителот бил повикан од дома да дојде на работното место, каде му бил извршен личен претрес, претрес на службената просторија во која работел и претрес во неговиот дом, од страна на припадници на МВР од Одделот за организиран криминал, а потоа му била одредена мерка притвор од 30 дена и бил однесен во истражниот затвор во Шутка. Притворот потоа бил продолжуван и траел вкупно 8 месеци и 1 ден или 264 дена. За цело ова време во притвор тужителот бил под стрес и страв, а после поминати 8 месеци во притвор, Основниот суд Скопје I Скопје го ослободил, но бил осуден на казна затвор во траење од 1 година. Апелациониот суд Скопје ја преиначил казната од 1 година на 9 месеци, па по поднесувањето на вонреден правен лек до Врховниот суд на Република Македонија, бил принуден да го одлежи остатокот од

деновите, по што добил решение дека се ослободува од обвинение бидејќи не сторил никакво кривично дело.

Пониските судови повикувајќи се на член 189 став 1 и 2 од Законот за облигациони односи, делумно го усвоиле тужбеното барање и му досудиле на тужителот надомест на нематеријална штета од 1.650.000,00 денари, за повреда на личните права поради неоправдана осуда и неосновано лишување од слобода, а при тоа имајќи го во предвид вештачењето од невропсихијатарот и целата медицинска документација, за претрпените душевни болки поради нарушениот углед и честа, душевни болки и стравот, кои се рефлектирале врз неговата душевна состојба.

Врховниот суд на Република Македонија, наоѓа дека правилно пониските судови го примениле материјалното право при одмерување на надоместот за повреда на личните права поради неоправдана осуда и неосновано лишување од слобода, кој претставува сатисфакција за претрпеното од неосновано лишување од слобода и времето поминато во притвор, при тоа внимавајќи истиот да не е во спротивност со стремежите кои се неспоиви со неговата природа и општествена цел за која служи.

Неосновани се ревизиските наводи дека Министерството за правда не е пасивно легитимиран во овој спор, од причина што во конкретниов случај тужителот согласно член 579 став 2 од ЗКП, како лице кое ги исполнува условите од член 578 став 1 од ЗКП, пред поднесување на тужбата, се обратил со барање до Министерството за правда, за спогодбено утврдување на надомест на штета, па откако по истото не било одлучено во законски предвидениот рок од 3 месеци, поднел тужба против Република Македонија-Министерството за правда, која и по оценка на овој суд е пасивно легитимирана во овој спор.

Со оглед на наведеното, следуваше Врховниот суд на Република Македонија, ревизијата да ја одбие како неоснована, согласно член 384 став 1 од Законот за парнична постапка.

Согласно член 160 став 1 од Законот за парнична постапка, овој суд го задолжи тужениот да му надомести на тужителот трошоци за состав на одговор на ревизија во износ од 7.020,00 денари, зголемен за 18% ДДВ од 1.264,00 денари или вкупно 8.284,00 денари, согласноТарифата за награда и надоместок на трошоци за работа на адвокатите.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 17.02.2015 година под Рев2.бр.342/2014.

Претседател на советот- судија
Зирап Лимани с.р.

За точноста на отправокот - т в р д и:секретар,